# МАЛТА 03.10 Сигурна реализација

**Malta Malta Malta**

**✈ авионски превоз**



4 Дена / 3 ноќевања / Авион

Малтешките острови, опишани како музеј на отворено. Она што ги прави уникатни е 7000 годишна историја, а сепак се живее страстно во

сегашноста. Влезете во мистериозната предисторија на Островите, чекорејќи по стапките на Св. Павле, таму каде што Витезиите на Св. Јован го бранеа христијанството... Каде и да одите, пејсажите на островите и архиотектурата нудат спектакуларна позадина. Впечатливи бои - медено обоен камен во мешавина од медитеранско синило...

03 октомври (петок) СКОПЈЕ - МАЛТА

Состанок на група на аеродром Скопје во 18:55 часот. Полетувањето е во 20:55 часот. Слетување на аеродром во Малта во 22:40 часот. Трансфер од аеродром до хотел. Сместување. Ноќевање.

04 октомври (сабота) ИЗЛЕТ ПО МАЛТА- MDINA - BlUE GROTTO - TA’QALI – МАРСАШЛОК

Појадок. Целодневен факултативен излет исполнет со историја, култура и природна убавина.

Посета на Мдина стариот средновековен главен град на Малта, наречен - Град на тишината. Прошетка низ тесните поплочени калдрмени улички и грандиозна архитектура, разглед на познатите градини Св. Антони, претседателската Палата... Прошетка до Рабат, предградието на Мдина. Посета на фабриката за стакло Mdina Glass во Ta’Qali, можност да се види специфичната техника на изработка на дувано стакло каде вештите занаетчии создаваат сложени стаклени предмети и одлична прилика да купите уникатни сувенири како спомени од вашето патување. Посета на прекрасната Сина Пештера (Blue Grotto), најпознатиот пештерски комплекс на Малта, што преставува всушност комплекс од девет пештери чии карпести страни светат зелено, виолетово или портокалово, во зависност од нивната содржина на минерали. Околу пештерите се наоѓаат едни од најчистите, најсветли кобалтно сини води што може да се замислат. Доколку дозволуваат временските услови има можност за пловење со бродче низ Blue Grotto. Потоа следува посета на рибарското

гратче Марсашлок кое е типично рибарско место со автентичен малтешки поморски живот. Пристаништето е толку фотогенично поради што многу туристи го посетуваат за да ги овековечат типичните ,,luzzu,, рибарски чамци. Слободно време за ручек. Враќање во хотел. Вечерта, прошетка во Сент Џулијан, место познато по својот бурен ноќен живот. Ноќевање.

05 октомври (недела) ГОЗО

Појадок. Целодневна факултативна посета на островот Гозо (Calypso's Island), вториот најголем остров во Малтешкиот архипелаг каде историјата, природата и културата се здружуваат да создадат навистина магично искуство. Гозо во грчката митологија е наречен островот на Калипсо – грчка нимфа, која го држела Одисеј заробен на нејзиниот остров 7 години. По пристигнувањето во Гозо, првата станица е волшебното Внатрешно Море или таканаречено природно чудо со уникатна геолошка формација и прекрасни глетки. Посета на пештерата на Калипсо во Рамла Хамра заливот и прекрасните плажи. Панорамски разглед на Викторија (Рабат), главниот град кој не потсетува дека Мдина била изградена да ја заштити целата популација на Гозо од страшните пиратски напади. Посета на базиликата Та Пину-Место на чудата, позната по чудесните приказни, богата историја и духовно значење на ова прекрасно место. Посета на старата цитадела богата со калдрмени улици, историски знаменитости и панорамски поглед на островот.

Посета на заливот Dwejra Bay кој се смета за една од најнеобичните атракции на Гозо што многу туристи ја сакаат и со добра причина. Накратко може да се каже дека станува збор за музеј на отворено кој комбинира добра доза на природна историја, археологија и геологија низ познатите знаменитости како што се Внатрешното море, карпата Габа, Азурниот прозорец и караулата Двејра. Доколку дозволуваат временските услови има можност за пловење со бродче во заливот кој со своите крајбрежни формации и морето што се прелева над карпите е навистина една магична атракција.

Посета на шармантното село Фонтана со историско значење како центар за перење и традиционални малтешки производи. Слободно време за опуштен ручек во заливот Xlaendi во некој од локалните ресторани со традиционална вкусна малтешка кујна. Враќање во хотел. Ноќевање.

06 октомври (понеделник) ПОПАЈ СЕЛО (POPEYE VILLAGE) - ВАЛЕТА - СЛИМА

Појадок. Факултативно, посета на Попај селото (Popeye Village) или уште познато како (Sweethaven Village), наменски изградено село со филмски сет што е претворено во мал забавен парк за атракции, наменски изграден за филмот Попај кој е снимен во 1980г. Факултативно, разглед на главниот град на Малта – Валета опкружен со бројни масивни зидини и тврдини, изграден од Витезите на Св.Јован кои биле болничари во 16-от век. Малтежаните се многу горди на својот главен град чие светско и богато културно наследство се открива веднаш при самото движење на улиците низ градот. Разгледот започнува од портата на Валета преку главната улица до централниот плоштад на Републиката со застанување на важни културно-историски објекти каде се раскажува за историјата на самиот град и на самиот остров. Потоа, прошетката продолжува низ сликовитите улички се до Градините “Barracca” од каде што има прекрасен панорамски поглед на Големиот Залив и на Трите Града. Не случајно се снимени толку многу филмови на Малта. Исто така предвидена е и посета на богато украсената Катедрала и музеј на Св.Јован, дом на светски познатите уметнички ремек дела од Караваџо и Матија Прети, која воедно е и мевзолеј каде што се погребани големите мајстори од малтешкиот витешки ред (влез во Катедралата - 15еур). Слободно време за ручек.Посета на Слима - позната како центар за шопинг, преубави ресторани, кафулињата, интересни улички и архитектура создадени за убави фотографии.

Организиран трансфер до аеродром. Полетување за Скопје во 23:15 часот. Слетување во 00:55 часот.

**ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 499 € / 30.940 мкд**

**попуст за рана уплата до 30.08: 469 € / 29.080 мкд**

ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:

- Авионски превоз на релација Скопје-Малта-Скопје
- Аеродромски такси
- Организиран трансфер аеродром-хотел-аеродром
- Сместување во хотел Alexandra 3* во Малта на база 3 ноќевања со појадок
- Рачен багаж (1 мека торба до 10 кг. со димензии 40x30x20см)
- Организација на аранжманот и придружник на патување

ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:

- Доплата за чекиран багаж - куфер до 10кг / 20кг (цената е променлива, инфо во агенција 7 дена пред поаѓање)
- 1. Посета на Попај село 25 евра (трансфер и влезница)
- 2. Посета на Валета и Слима 40 евра (трансфер, локален водич)
- 3. Излет Малта (Ta Qali, Rabat, Mdina, Blue Grotto, Marsaxlokk) 55 евра (трансфер, локален водич)
- 4. Посета на Гозо 65 евра (трансфер, брод, локален водич)

- Ред. бр.2,3,4 -ПАКЕТ ФАКУЛТАТИВНИ ИЗЛЕТИ 145 евра
- Туристичка такса 750 мкд (се плаќа во агенција)
- Влезници во локалитетите, карти за локален превоз
- Патничко – здравствено осигурување
- Доплата за еднокреветна соба 9.300 мкд.

Напомена:

Цените се по лице за сместување во двокреветни или трокреветни соби.

За реализација на аранжманот потребен е минимум од 20 патници. За резервација задолжителна уплата на аванс од 30% од вкупниот износ на аранжманот. Целосна доплата на аражманот е 10 дена пред поаѓање. Усни и телефонски резервации се невалидни. Плаќањето е исклучиво во денарска против вредност по курс 1 евро = 62,00 денари.

За реализација на факултативните излети потребен е минимум од 15 патници. При резервација задолжително е изјаснување/пријавување кои од понудените факултативи ќе ги користи патникот како би можела агенцијата навремено да ги организира истите.

Агенцијата го задржува правото на промена на редоследот на програмата во случај на непредвидени објективни причини, како на пример застој на граница, доцнење на летот, застој во сообраќајот, затвореност на некој од локалитети предвидени за посета ...

Организаторот на патувањето го задржува правото по пат на ultra first или last minute понуда да ги објави и продаде слободните места по цени кои се разликуваат од оние кои се веќе објавени. Лицата кои го уплатиле аранжманот по редовен ценовник, немаат право на надомест на средства за разлика во цена.

Агенцијата го задржува правото на отказ на аранжманот 7 дена пред поаѓање доколку не е исполнет бројот на пријавени лица предвидени по програмата.

Патникот има обврска пред поаѓање 24 часа да ја контактира агенцијата за потврда на точното време и место на поаѓање.

Патната исправа треба да е валидна минимум 3 месеци по завршувањето на аранжманот. Валидноста на патните исправи се обврска на патниците, при уплата на резервација должни се истите да ги приложат во агенцијата за проверка.

За овој аранжман важат општите услови за патување на ТА ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ.